АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 11. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5131 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово (поранешен ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово)

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 ноември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 ноември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 07.02.2018 година, за непочитување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-45, 07.02.2018 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово (сегашен Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово).*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 1 ноември 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); и за надлежното регулаторно тело.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 51, став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, на 1 ноември 2018 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. **Предлог мерка:**

- И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 07.02.2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***